## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ ТЕОРИЈА НА КНИЖЕВНОСТ И МАКЕДОНСКА КНИЖЕВНОСТ XX ВЕК НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 1902-153/3 од 28.10.2015 година донесена на 131. седница на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет во Штип, одржана на 28.10.2015 година, определени сме за членови на Рецензентската комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научните области *теорија на книжевноста* и *македонска книжевност XX век* на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во состав:

– проф. д-р Виолета Димова, редовен професор на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип - претседател;
– проф. д-р Луси Караниколова-Чочоровска, вонреден професор на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип - член;
– проф. д-р Толе Белчев, вонреден професор на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип - член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневните весници „Нова Македонија“, „Утрински весник“ и „Коха“ на 9 октомври 2015 година и во предвидениот рок за конкурирање се пријави само еден кандидат: **д-р Ранко Младеноски**, доцент на Катедрата за македонски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, доц. д-р Ранко Младеноски, чест ни е на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет во Штип да му го поднесеме следниов:

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатот **доц. д-р Ранко Младеноски** е роден во 1966 година во Подгорци, Струшко. Основно образование завршува во Подгорци и во соседното Лабуништа. Со средно образование (општа гимназија) се стекнува во Центарот за средно образование „Нико Нестор“ во Струга во 1985 година. Во студиската 1987/1988 година се запишува на Филолошки факултет „Блаже Конески“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на групата Македонски јазик со книжевност, а дипломира во април 1993 година, со што се стекнува со стручниот назив **професор по македонски јазик со македонска книжевност и јужнословенски книжевности.**

Во 1998 година Младеноски се запишува на постдипломски студии на Филолошки факултет „Блаже Конески“ во Скопје, на групата Македонска книжевност. Во април 2005 година, под менторство на проф. д-р Венко Андоновски, јавно го одбранува магистерскиот труд од областа на теоријата на книжевноста и современата македонска книжевност на тема *„Семантичка дезинтеграција и морална деградација на ликот во прозата на Димитар Солев и Драги Михајловски“* со што се стекнува со стручен назив **магистер по филолошки науки**.

Во 2005 година кандидатот Младеноски пријавува тема за докторска дисертација на Филолошки факултет „Блаже Конески“ во Скопје, исто така под менторство на проф. д-р Венко Андоновски. Во декември 2010 година јавно ја одбранува докторската дисертација на тема *„Ликот на Александар Македонски како интерактивен код на културите во македонската книжевност“* од областа на теоријата на книжевноста и македонската книжевност, со што се здобива со стручен назив **доктор по филолошки науки**.

Во мај 2009 година се вработува на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип со звањето **асистент за наставно-научната област македонска книжевност** (Универзитетски билтен бр. 16 од февруари 2009 година; Одлука бр. 2402-54/7 од 5.3.2009 година од ННС на Филолошки факултет во Штип; Договор за вработување бр. 0402-13/39 од 11.5.2009 година) на Катедрата за македонски јазик и книжевност и работи како асистент по предметите Теорија на книжевност и Книжевност за деца. Во април 2011 година кандидатот Младеноски е избран во звањето **доцент за наставно-научната област теорија на книжевноста** на Катедрата за македонски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет во Штип (Универзитетски билтен бр. 57 од април 2011 година; Одлука бр. 2402-47/5 од 18.4.2011 година на ННС на Филолошки факултет во Штип; Анекс на Договор за вработување бр. 0402-1/585 од 3.10.2011 година). Денес Младеноски работи како доцент на Катедрата за македонски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет во Штип и одржува настава по предметите Теорија на книжевност, Наратологија, Поетика, Современа македонска книжевност 1 и Современа македонска книжевност 2.

Кандидатот доц. д-р Ранко Младеноски во периодот од 1995 до 2005 година работел како новинар, уредник и лектор (со положен лекторски испит во 1998 година) во повеќе весници како што се „Вечер“, „Експрес“, „Македонско сонце“ и „Нова Македонија“. Исто така, бил уредник во книжевните списанија „Современост“, „Книжевна академија“ и „Велес“, како и главен уредник на Годишниот зборник на Филолошки факултет во Штип во 2010 и 2011 година. Младеноски извесно време работел и како лектор во издавачката куќа „Академски печат“ во Скопје.

Младеноски е автор на неколку книги: две студии објавени во посебни книшки за романите „Две Марии“ од Славко Јаневски и „Црно семе“ од Ташко Георгиевски од 2003 година; на книжевно-теориските и критичките книги „Чекајќи ја егзегезата“ (2005), „Книжевно-критички перцепции“ (2011), „Промоции“ (2013) и „Деконструкција на ликот“ (2014); автор е на две збирки со кратка лирска проза (секвенци) и тоа „Омразенија“ од 2005 и „Марионетки“ од 2011 година; автор е на збирката раскази „Чуварот на тајната“ од 2008 година; автор на две рецензирани скрипти („Наратологија“ од 2012 и „Теорија на поезијата“ од 2014 година), како и на два рецензирани практикуми („Практикум по теорија на поезијата“ од 2014 г. и „Практикум по наратологија“ од 2015 г.); коавтор е на изборот од македонски раскази и поезија со наслов „Големиот скок“ од 2003 година, а и коавтор на неколку учебници по македонски јазик и литература за средно образование. Младеноски има објавено околу сто и педесет интерпретации, есеи и рецензии во голем број списанија во земјава и во неколку балкански држави. Негови песни, раскази и кратки прозни лирски текстови се преведени и објавени во разни списанија на неколку словенски јазици.

Покрај тоа, Младеноски се занимава и со преведување на книжевни и на книжевно-историски дела. Од хрватски на македонски јазик ги превел книгите „Браќата Миладиновци“ легенда и стварност“ и „Хрватско-македонски литературни врски“ од Горан Калоѓера, како и романите „Златоустиот“ од Стјепан Томаш, „Кралица на ноќта“ од Јосип Цвениќ и „Небесни велосипедисти“ од Ирена Лукшиќ. Превел и голем број песни и раскази од бројни автори од српски, хрватски и бугарски на македонски јазик коишто се објавени во неколку броеви од списанието „Современост“.

**1.** ***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор***

**1.1. Доцент од научната област во која се избира:** На 18 април 2011 година д-р Ранко Младеноски е избран во наставно-научното звање **доцент за наставно-научната област теорија на книжевност** со 268 поени (Универзитетски билтен бр. 57 од 1.4.2015 година) со Одлука бр. 2402-47/5 на ННС на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**1.2. Објавени најмалку осум научноистражувачки трудови од соодветната област, од кои најмалку пет во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации:**

| ТРУДОВИ ВО МЕЃУНАРОДНИ НАУЧНИ СПИСАНИЈА И ПУБЛИКАЦИИ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Бр.** | **Автор** | **Наслов на трудот** | **Списание/ публикација** | **Години на излегување на списанието или публикацијата** |
| 1. | Младеноски Ранко | Културата, другоста и литературата | Филолошки студии (меѓународно списание), 2011 | IX |
| 2. | Младеноски Ранко | Александар Македонски како интеркултурен код во современиот македонски роман | Спектар (меѓународно списание), 2013 | XXXI |
| 3. | Младеноски Ранко | Историските и книжевните заблуди за античкиот свет | Книжевна академија (меѓународно списание), 2013 | X |
| 4. | Младеноски Ранко | Рациновиот дух во стиховите на Блаже Конески | Зборник на трудови од XXXVIII Меѓународна научна конференција на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, 2011 | XXXVIII |
| 5. | Младеноски Ранко, Белчев Толе | Епитафните модалитети во стиховите на Гане Тодоровски | Зборник на трудови од XXXIX Меѓународна научна конференција на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, 2012 | XXXIX |
| 6. | Белчев Толе, Младеноски Ранко | Константин Кирил Филозоф во „Папокот на светот“ | Зборник на трудови од XL Меѓународна научна конференција на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, 2013 | XL |
| 7. | Младеноски Ранко | Синонимните ликови во романите на Венко Андоновски | Контекст, 2014 (меѓународно списание) | XII |
| 8. | Младеноски Ранко | Дијалогизмот и интертекстуалноста во македонскиот роман | Зборник на научни трудови од Шестата меѓународна научна конференција „Меѓународен дијалог: Исток – Запад“, 2015 | VI |

**1.3. Објавена рецензирана скрипта и објавен рецензиран практикум, од соодветната научна област за која се избира кандидатот, во електронска форма во е-библиотеката на веб-страницата на УГД:**

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Издавач | Година на издавање |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Младеноски Ранко | Наратологија (*рецензирана скрипта*) | Универзитет „Гоце Делчев“, Штип | 2012 |
| 2. | Младеноски Ранко | Теорија на поезијата (*рецензирана скрипта*) | Универзитет „Гоце Делчев“, Штип | 2014 |
| 3. | Младеноски Ранко | Практикум по теорија на поезијата (*рецензиран практикум*) | Универзитет „Гоце Делчев“, Штип | 2014 |
| 4. | Младеноски Ранко | Практикум по наратологија (*рецензиран практикум*) | Универзитет „Гоце Делчев“, Штип | 2015 |

*2. Наставно-образовна и научноистражувачка дејност*

**2.1. Наставно-образовна дејност:** Доц. д-р Ранко Младеноски од мај 2009 година е во редовен работен однос на Катедрата за македонски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. На 18 април 2011 година е избран во наставно-научното звање **доцент за наставно-научната област теорија на книжевност** (Универзитетски билтен бр. 57 од 1 април 2011 година) со Одлука бр. 2402-47/5 на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет во Штип.

Во периодот од студиската 2011/2012 година до студиската 2015/2016 година кандидатот Младеноски изведувал настава за следните предмети во **прв циклус студии** на Филолошки факултет во Штип:

- Теорија на книжевност – задолжителен предмет (студиска 2011/2012, 2012/2013, 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016 година);
- Теорија на книжевност – изборен предмет (студиска 2011/2012, 2012/2013, 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016 година);
- Наратологија – изборен предмет (студиска 2011/2012, 2012/2013, 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016 година);
- Современа македонска книжевност 1 – задолжителен предмет (студиска 2011/2012, 2012/2013, 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016 година);
- Современа македонска книжевност 2 – задолжителен предмет (студиска 2011/2012, 2012/2013, 2013/2014, 2014/2015 година);
- Поетика – изборен предмет (студиска 2012/2013, 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016 година).

Освен тоа, во студиската 2012/2013 година на Катедрата за македонски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет во Штип започна наставата за **втор циклус студии**, а Младеноски беше вклучен како наставник со неколку предмети за вториот циклус студии:

- Теорија на книжевност – задолжителен предмет (студиска 2012/2013, 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016 година);
- Теорија на книжевност – изборен предмет (2012/2013, 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016 година);
- Теорија на поезијата – изборен предмет (студиска 2012/2013, 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016 година);
- Современа македонска книжевност – задолжителен предмет (студиска 2014/2015 и 2015/2016 година).

Кандидатот доц. д-р Ранко Младеноски, исто така, е ангажиран во наставата за **трет циклус студии** на Катедрата за македонски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет во Штип што беше акредитирана за студиската 2015/2016 година и тоа со предметите *(а) Македонски постмодернизам* и *(б) Постколонијална критика* како изборни предмети во прв и во втор семестар од третиот циклус студии.

За потребите на наставно-образовниот процес на Филолошкиот факултет во Штип (за голем дел од веќе наведените предмети за прв, втор и трет циклус студии) Младеноски има објавено на веб-страницата на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип две рецензирани скрипти („Наратологија“ во 2012 и „Теорија на поезијата“ во 2014 година), како и два рецензирани практикуми („Практикум по теорија на поезијата“ во 2014 и „Практикум по наратологија“ во 2015 година). Треба да се предочи тука и податокот дека кандидатот доц. д-р Ранко Младеноски бил ментор за изработка на дипломски трудови на над триесетина кандидати од прв циклус на студии на Катедрата за македонски јазик и книжевност, како и член на бројни комисии за одбрана на дипломски трудови на Филолошкиот факултет во Штип.

**2.2. Научноистражувачка дејност (оценка на научните, стручните и други остварувања на кандидатот што се релевантни за утврдување на условите за избор во звање вонреден професор):** Кандидатот доц. д-р Ранко Младеноски објавува научни и стручни трудови од 2001 година во домашни и странски научни и стручни списанија од областа на теоријата на книжевноста, македонистиката и културологијата. Во поголемиот

број од неговите трудови доминантни се теми од теоријата на книжевноста и современата македонска книжевност (од XX и од XXI век) со што Младеноски дава солиден придонес во унапредувањето на книжевно-теориската, книжевно-историската и книжевно-критичката мисла, а кон тоа треба да се додаде и дека Младеноски учествувал на повеќе домашни и меѓународни научни конференции.

Во периодот од неговиот избор во доцент во 2011 година до октомври 2015 година Младеноски има објавено голем број научни и стручни трудови што ги наведуваме во продолжение со куса евалуација за секој труд одделно.

**I. Рецензирани електронски скрипти**

**1. Младеноски, Ранко**. (2012). *Наратологија*. 1-120. Штип: Универзитет „Гоце Делчев". http: //www.ugd.edu.mk; ISBN 978-608-4504-87-0.

**Евалуација на трудот:** Во овој труд се елаборираат суштинските особености на семиотиката на прозата (наратологијата) како значајна научна дисциплина во рамките на теоријата на книжевноста. Целта на авторот е студентите да се запознаат со темелните категории на наратологијата како што се време и простор, опис и дејство, лик и актант, тематска ролја и актер, наратор, наратер и слично, како и со основните модели за интерпретација на прозни книжевни дела моделите на Владимир Проп, Алжирдас Грејмас, Ролан Барт и семиолошките истражувања на ликот од страна на Филип Амон.

**2. Младеноски, Ранко**. (2014). *Теорија на поезијата*. 1-130. Штип: Универзитет „Гоце Делчев". http: //www.ugd.edu.mk; ISBN 978-608-244-018-7.

**Евалуација на трудот:** Оваа скрипта на Младеноски претставува високошколски прирачник во кој се претставуваат и се појаснуваат основните методи за интерпретација на книжевно-уметничките дела во форма на стих. Преку една солидно конципирана содржина авторот ги предочува базните структурни сегменти на поезијата со тоа што посебно се става акцент на стилските фигури (класификација, дефиниции и примери), како и на нивоата на интерпретација на поетските структури фонолошко, морфолошко, прозодиско, лексичко-семантичко, синтаксичко и логичко ниво.

**II. Рецензирани електронски практикуми**

**3. Младеноски, Ранко**. (2014). *Практикум по теорија на поезијата*. 1-122. Штип: Универзитет „Гоце Делчев". http: //www.ugd.edu.mk; ISBN 978-608-244-092-7.

**Евалуација на трудот:** Овој труд е наставен прирачник како прилог кон рецензираната скрипта „Теорија на поезијата". Покрај четирите интерпретативни текста што се поставени на почетокот од практикумот како теориско-поетски апликации, во овој практикум има и голем број прашања и задачи со чија помош студентите ќе ги проверат, ќе ги прошират и ќе ги продлабочат знаењата и вештините во интерпретацијата на поезијата. Трудот е значаен и по тоа што во него се илустрираат практичните методи при анализата на стихуваната литература.

**4. Младеноски, Ранко**. (2015). *Практикум по наратологија*. 1-128. Штип: Универзитет „Гоце Делчев". http: //www.ugd.edu.mk; ISBN 978-608-244-176-4.

**Евалуација на трудот:** Наставниот прирачник „Практикум по наратологија" претставува прилог кон скриптата со наслов „Наратологија" што е објавена во 2012 година. Практикумот е составен од четири дела, односно од четири поглавја: а) „Наратолошки интерпретации" б) „Основи на наратологијата (проверка)" в) „Структури и модели (проверка)" г) „Колоквиумски прашања". Овие сегменти на трудот имаат цел да ги унапредат знаењата и вештините на студентите во интерпретацијата на прозните книжевни дела.

**III. Научни, стручни и стручно-уметнички книги**

**5. Младеноски, Ранко** (2011). *Книжевно-критички перцепции*. Скопје: Современост. 1-245. ISBN 978-608-4501-24-4.

**Евалуација на трудот:** Оваа книга е составена од бројни рецензии (осврти) за значајни дела од македонската книжевно-историска, книжевно-теориска, книжевно-критичка и есеистичка мисла. Тука се сместени рецензии за книги од наши значајни автори како

што се Славко Јаневски, Димитар Митрев, Атанас Вангелов, Венко Андоновски, Горан Стефановски и многу други. Со овој труд Младеноски дава значаен придонес во развојот на македонската книжевна критика.

**6. Младеноски, Ранко** (2011). *Марионетки*. Скопје: Академски печат. 1-96. ISBN 978-608-231-042-8.

**Евалуација на трудот:** Стручно-уметничката книга „Марионетки“ на Младеноски е втора книга со кратки прозни лирски текстови (секвенци) по збирката „Омразенија“ што беше објавена во 2005 година. Оваа книжевно-уметничка прозна збирка со наслов „Марионетки“ се состои од четири циклуси: „Порој“, „Агресија“, „Цвеќарката“ и „Меморија“. Станува збор, имено, за едно книжевно експериментирање во кое старите и општопознати мотиви се поставуваат во современиот динамичен свет. Универзалните категории како што се љубов, омраза, среќа, радост, тага, жал, себичност, хипокризија, малициозност и слично се поставени на едно локално, но и индивидуално рамниште. На ваков начин Младеноски успеал да создаде прозно дело со високи естетски вредности во кое со една постмодернистичка постапка се уриваат границите меѓу глобалното и локалното, општото и конкретното, колективното и индивидуалното.

**7. Младеноски, Ранко** (2013). *Промоции*. Скопје: Академски печат. 1-238. ISBN 978-608-231-102-9.

**Евалуација на трудот:** Книгата со наслов „Промоции“ претставува научен труд од областа на теоријата на литературата и на литературната критика каде што се објавени триесетина рецензии за книжевни, но и за книжевно-историски трудови. Најголемиот број од текстовите се однесуваат за македонската продукција, но неколку од нив се посветени на хрватски автори чии дела се преведени на македонски јазик. Во овие книжевни осврти се валоризираат прозни дела (романи, раскази), поетски збирки, драмски текстови (и една театарска претстава), како и книжевно-историски трудови. Основната тенденција на авторот во овој труд е секаде да се аргументираат судовите за нивната естетска и за нивната историска вредност.

**8. Младеноски, Ранко** (2014). *Деконструкција на ликот*. Скопје: Македонска реч. 1-270. ISBN 978-608-225-097-7.

**Евалуација на трудот:** Оваа книга претставува, всушност, адаптирана верзија за публикување на магистерскиот труд што беше одбранет во 2005 година на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. Насловот на темата за магистерскиот труд беше „Семантичка дезинтеграција и морална деградација на ликот во прозата на Димитар Солев и Драги Михајловски“. Во трудот прво се елаборираат книжевно-теориските аспекти на книжевниот лик, а потоа е извршена анализа на семантичката дезинтеграција и моралната деградација на ликовите во прозните книжевни дела на Солев и на Михајловски. Овој труд е значаен по тоа што дава една панорамска слика за детерминациите на терминот *лик*, како и широка анализа на карактеристиките на ликовите во прозата на двајца реномирани македонски автори Димитар Солев и Драги Михајловски.

**IV. Трудови објавени во меѓународни научни списанија**

**9. Младеноски, Ранко** (2011). *Културата, другоста и литературата* (*Culture, Otherness and Literature)*. Филолошки студии (Philological studies: www.philologicalstudies.org), Vol. 1, pp. 201-211. ISSN 1857 6060.

**Евалуација на трудот:** Овој труд претставува преглед на досегашната традиција во детерминирањето на сложениот термин *култура*. Во трудот се потенцира фактот дека разликите во определувањето на овој термин одат дотаму што често се нудат и дефиниции што се контрадикторни меѓу себе. Голем број автори имаат различни приоди во поставувањето на семантичките рамки на терминот *култура*. Во текстот авторот се повикува на голем број авторитети што се обидувале да го дефинираат терминот *култура* и коишто ги разработуваат аспектите на *интеркултурната комуникација*, како што се Гирц, Тодоров, Парсонс, Фројд, Леви-Строс, Лотман, Саид, Чомски, Џепаровски, Србиновска итн. Основната цел на трудот е да се посочат базните теориски истражувања за културата чии резултати може да послужат и како книжевно-теориски инструментариум за културолошки анализи на полето на литературата.

**10. Младеноски, Ранко** (2013). *Александар Македонски како интеркултурен код во современиот македонски роман*. Спектар, год. XXXI, бр. 62, стр. 62-72. ISSN 0352-2423.

**Евалуација на трудот:** Трудот претставува книжевно-теориска и културолошка интерпретација на шест македонски романи од првата деценија на 21 век во кои фигурира Александар III Македонски како лик „Александар Македонски“ од Владан Велков, „Македонскиот фараон“ од Трајан Петровски, „Сонот на жолтата пеперуга“ од Аполон Гилевски, „Тајната на бакарната книга“ од Александар Донски, „Фати го ветрот“ од Петре Бакевски и „Враќање во минатото“ од Рената Матеска. Општиот заклучок на авторот на овој труд е дека во македонската културна средина е присутно прифаќањето на историската личност Александар III Македонски како линк меѓу разни култури.

**11. Младеноски, Ранко** (2013). *Историските и книжевните заблуди за античкиот свет*. Книжевна академија, бр. 5-7, стр. 76-88. ISSN 1409-9438.

**Евалуација на трудот:** Овој труд е осврт на неколку историски дилеми поврзани со античкиот дел на европската историја кои заземаат значајно место и во книжевноста. Во кратки црти се елаборираат сомнежите во автентичноста на суштинските историски тези за атинската култура и демократија како „лулка на европската цивилизација и демократија“. Бројни историчари аргументирано докажуваат дека е заблуда тврдењето за „старогрчката цивилизација“ како „лулка на европската цивилизација“, но и дека корените за современата демократија не може да се бараат во „старогрчката демократија“. Основната цел на трудот е да се потенцира идејата дека европската историографија ќе треба аргументирано да ги редефинира и да ги ревалоризира ваквите тези.

**12. Младеноски, Ранко** (2014). *Синонимните ликови во романите на Венко Андоновски*. Контекст, бр. 12, стр. 129-143. ISSN 1857-7377.

**Евалуација на трудот:** Трудот е мошне солидно компаративно истражување за спецификите на ликовите со идентични семантички полиња во четирите романи на Венко Андоновски: *Азбука за непослушните* (1994), *Папокот на светот* (2000), *Вештица* (2006) и *Ќерката на Математичарот* (2013). Стартната позиција во елаборирањето на поставената компаративна теза за постоење на синонимни ликови во четирите наведени романи е најновиот роман на Андоновски со наслов *Ќерката на Математичарот* од чиј аспект во понатамошните споредбени анализи се трага по еквивалентните атрибути (семи) на специфичните ликови во различните романи од истиот автор.

**V. Трудови објавени во зборници од меѓународни научни конференции**

**13. Младеноски, Ранко** (2011). *Македонско-хрватските интеркултурни релации во романот „Вештица“ од Венко Андоновски* (*Macedonian-Croatian intercultural relations in the novel “The Witch” by Venko Andonovski)*. Zbornik radova s Međunarodnog znanstvenog skupa Hrvatsko-makedonske književne, jezične i kulturne veze Rijeka, Knjiga III, p. 161-172. ISBN 978-953-6104-81-9.

**Евалуација на трудот:** Во трудот се анализираат наративните сегменти во романот „Вештица“ од Венко Андоновски што се однесуваат на културните врски меѓу Македонија и Хрватска. Македонско-хрватските интеркултурни релации во овој роман се согледуваат на неколку структурни рамништа: ликови, актанти, хронотопија, јазични еквиваленти, историски раскажувачки слоеви, религиозно-филозофски дискурс, фолклорни фрагменти итн. Преку анализата на овие наративни рамништа се доаѓа до заклучокот дека еден од доминантните сегменти во „Вештица“ е токму македонско-хрватската интеркултурна релација.

**14. Младеноски, Ранко** (2011). *Поетскиот палимпсест на Блаже Конески*. Зборник на трудови од Меѓународниот научен собир „Развојот на македонската литература“ Скопје, стр. 409-424. ISBN 978-9989-886-84-3.

**Евалуација на трудот:** Оваа студија разработува една поетска постапка што Конески ја определуваше како навраќање кон традицијата преку иновација и актуализација. Во книжевната теорија ваквиот творечки модел се определува со повеќе термини како што се интертекстуалност, трансцедентна текстуалност или транстекстуалност, интердискурсност итн., но и како палимпсест. Анализата на поезијата од Конески покажува дека се бројни песните во кои се применува ваквата постапка. Во трудот, имено, се елаборира

и се демонстрира функционалноста на трите фактори (традиција колектив – автор) во творештвото – постапка за која Конески тврдеше дека е основна за секое уметничко дело, односно без која нема уметност.

**15. Младеноски, Ранко** (2012). *Рациновиот дух во стиховите на Блаже Конески*. Зборник на трудови од XXXVIII Меѓународна научна конференција на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура Охрид, стр. 89-100. ISBN 978-9989-43-350-4.

**Евалуација на трудот:** Трудот претставува компаративна согледба на поезијата на Конески во однос на животот и делото, но и конкретно на поезијата на Коста Солев Рацин. Текстот е реализиран во два главни сегмента – „По површината“ и „На дното“. Делот „По површината“ се однесува на експлицитните спомнувања на Рацин во поезијата на Конески, а вториот дел („На дното“) се однесува на имплицитното присуство на Рациновата поезијата во стиховите на Конески. Општиот заклучок во овој труд од Младеноски е дека присуството на Рациновиот дух во поезијата на Конески е значително, но и тоа дека не станува збор за некакви влијанија на Рацин врз Конески, туку за еден природен континуитет во развојот на македонската поетска мисла.

**16. Младеноски, Ранко** (2013). *Интерференција на културните семиосфери во македонската книжевност низ ликот-знак Александар Македонски*. Зборник на научни трудови од IV Меѓународна научна конференција „Меѓународен дијалог: Исток – Запад“ (култура, славјанство, економија) Свети Николе, стр. 38-42. ISBN 978-608-4689-04-1.

**Евалуација на трудот:** Трудот претставува интерпретација на македонските книжевни дела во кои фигурира Александар III Македонски како лик со доминантна улога на интерактивен код на културите. Се тргнува од тезата дека со ликот на Александар Македонски во македонската литература се поврзани два вида интеркултурна комуникација: а) расистичка интеркултурна комуникација; б) толерантна интеркултурна комуникација. Од тој аспект се анализираат бројни македонски книжевни дела од што се заклучува дека македонската книжевно-уметничка елаборација на историската личност Александар Македонски ја манифестира отвореноста на македонскиот културен дух за дијалог со истоста, но и со различноста во културните семиосфери од другата страна.

**17. Младеноски, Ранко; Белчев, Толе** (2013). *Епитафните модалитети во стиховите на Гане Тодоровски*. Зборник на трудови од XXXIX Меѓународна научна конференција на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура Охрид, стр. 53-62. ISBN 978-9989-43-367-2.

**Евалуација на трудот:** Во овој труд се анализираат сличностите и разликите меѓу неколкуте епитафни песни на Гане Тодоровски, како и мотивите да се креираат различни варијанти на една иста тема. Тодоровски објави две песни со наслов „Епитаф“ (една во 1974 и другата во 1987 година). Но, во неговата поезија се среќаваат поголем број песни кои имаат епитафни особености, па затоа во овој труд се зборува и за тие песни. На почетокот од трудот се дадени сосема накратко и историските аспекти на епитафот како лирски вид, неговата појавност во рамките на светската и на македонската литература.

**18. Белчев, Толе; Младеноски, Ранко** (2014). *Константин Кирил Филозоф во „Папокот на светот“*. Зборник на трудови од XL Меѓународна научна конференција на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура Охрид, стр. 91-102. ISBN 978-9989-43-371-9.

**Евалуација на трудот:** Во трудот се истражуваат и се елаборираат рефлексиите на историската личност Константин Кирил Филозоф како книжевен лик во романот „Папокот на светот“ од Венко Андоновски. Од извршената анализа на техниките за интегрирање на ликот на Филозофот во романот се заклучува дека доминантните семи кај овој лик се однесуваат на една од неговите фундаментални историски улоги – енкодирање и декодирање на текстови.

**19. Младеноски, Ранко** (2014). *Македонецот К. Миладинов кај Хрватот С. Томаш*. Зборник на трудови од Меѓународниот научен собир Македонско-хрватски книжевни, културни и јазични врски Охрид, стр. 679-687. ISBN 978-608-4744-00-9.

**Евалуација на трудот:** Во овој труд се елаборира присуството на македонскиот културен деец од 19 век Константин Миладинов во две книжевни дела на хрватскиот

современ автор Стјепан Томаш романот „Златоустиот“ и драмата „Златоустиот или тажниот дом хрватски“. Во трудот накратко се изложени и историските околности под кои е објавен Зборникот на Миладиновци, а се елаборира одразот на тој настан во современата хрватска книжевност и неговото влијание врз натамошното продлабочување на културните врски меѓу Македонија и Хрватска.

**20. Младеноски, Ранко** (2015). *Дијалогизмот и интертекстуалноста во македонскиот роман*. Зборник на научни трудови од VI меѓународна научна конференција „Меѓународен дијалог: Исток – Запад“ Свети Николе, Vol. 2, 6/2015, стр. 99-102. ISSN 1857-9299.

**Евалуација на трудот:** Во овој труд се елаборира книжевно-теориската проблематика на дијалогизмот и интертекстуалноста и тоа преку примери од македонската романескна продукција. Станува збор за маркирање на присуството на структурни сегменти на дијалогизам и интертекстуалност во македонскиот роман при што се посочуваат илустрации од првообјавените македонски романи па сè до современите текови во нашиот роман од авторите Славко Јаневски, Стале Попов, Драги Михајловски, Венко Андоновски, Славчо Ковилоски, Игор Станојоски и други. Во заклучокот од трудот се нагласува дека дијалогизмот и интертекстуалноста се мошне значајни сегменти на македонскиот роман од неговите почетоци па сè до денес.

**VI. Трудови објавени во зборници од домашни научни конференции**

**21. Младеноски, Ранко** (2013). *Уделот на Георги Сталев во македонската книжевна историографија*. Зборник на трудови од научниот собир „Творечкиот лик на професор Георги Сталев Поповски“ Скопје, Филолошки факултет „Блаже Конески“, стр. 181-189. ISBN 978-608-234-021-0.

**Евалуација на трудот:** Овој труд на Младеноски претставува осврт кон двата тома од „Историја на македонската книжевност 1800-1945“ од професорот Георги Сталев. Првиот том од „Историја на македонската книжевност 1800-1945“ („Македонската литература во 19 век“) претставува дијахрониски преглед на книжевните, но и воопшто на културните текови во Македонија во т.н. преродбенски век. Вториот том со наслов „Првата половина на 20 век“ го проследува историскиот развој на македонската книжевност од почетокот на векот па сè до крајот на Втората светска војна. Во трудот се елаборираат структурните елементи на оваа книжевна историја, методологијата, класификацијата на македонската книжевност како и дискутабилните книжевно-историски прашања што сосема оправдано ги отвора Сталев.

**VII. Трудови објавени во странски научни и стручни списанија и публикации**

**22. Младеноски, Ранко** (2012). *ババ Песнички свет Елене Пренцове*. Свеске, Панчево, бр. 103, стр. 98-104. ISSN 1451-9976.

**Евалуација на трудот:** Овој труд претставува панорамски преглед на поетското творештво на македонската поетеса Елена Пренцова. Пренцова, имено, е млада македонска поетеса која има објавено три поетски збирки: „Јас“ (2006), „Таа“ (2009) и „Пораки од морето“ (2011). Пренцова е мошне активна во периодиката, учествувала на бројни поетски манифестации, а има добиено и повеќе награди за својата поезија. Авторот на трудот нагласува дека во стиховите на Пренцова доминантна тема е љубовта, а нејзиниот едноставен израз крие во себе една сложена поетска структура. Покрај ова, во поезијата на оваа македонска поетеса се среќаваат и интертекстуалноста и деконструкцијата, а калиграмските песни ја прават нејзината поезија посебна, специфична. На крајот од трудот, во заклучокот, авторот потенцира дека Пренцова е поетеса за која може да се рече дека пред неа стои успешна книжевна иднина во македонската литература, но и пошироко во балканските простори.

**VIII. Трудови објавени во домашни научни и стручни списанија и публикации**

**23. Младеноски, Ранко** (2011). *Македонските народни умотворби за Александар III Македонски*. Современост, Скопје, год. 60, бр. 2, стр. 51-64. ISSN 0038-5972.

**Евалуација на трудот:** Трудот претставува преглед и елаборација на книжевните дела од македонскиот фолклор што се посветени на Александар Македонски. Во текстот се наведуваат книжевно-историски податоци за 5 македонски народни песни, 10 народни приказни, 14 преданија и една легенда за Александар Македонски. Во трудот се регистрираат и мошне солидно и екстензивно се интерпретираат конкретните народни умотворби. На крајот од трудот се заклучува дека присуството на Александар Македонски во македонскиот фолклор бележи еден долговековен континуитет и дека ликот на Александар Македонски има свое значајно место во македонската фолклорна традиција.

**24. Младеноски, Ранко** (2011). *Поскурникот како клуч за античката порта*. Современост, Скопје, год. 60, бр. 2, стр. 145-150. ISSN 0038-5972.

**Евалуација на трудот:** Овој труд е рецензија за дебитантскиот роман на Рената Матеска со наслов „Враќање во минатото“. Во освртот се нагласува дека основната тема во романот е потрагата по гробот, односно по саркофагот на Александар Македонски што, според нарацијата, се наоѓа во Македонија, односно во пештерата „Над Врело“ во скопска Матка. Меѓутоа, како што се потенцира во освртот, романот е збогатен и со уште една наративна линија за современите збиднувања во Македонија и тоа преку ликот на новинарката Лина. На крајот од овој труд се заклучува дека Матеска во овој роман ги потенцира суштинските човекови вредности – борбата и упорноста.

**25. Младеноски, Ранко** (2011). *Книжевната интеркултурна и интердисциплинарна постколонијална критика*. Литературен збор, Скопје, год. LVIII, бр. 1-6, стр. 147-155. ISSN 0024-4791.

**Евалуација на трудот:** Овој труд е елаборација на основните начела и принципи на постколонијалната критика која претставува еден од бројните приоди во интерпретацијата на книжевните дела. Во текстот се појаснуваат клучните термини што се тесно поврзани со постколонијалната критика, а тоа се Другиот/ Другоста/ Другото, дијалогизам и деконструкција. Во заклучокот се нагласува дека постколонијалната критика понуди, меѓу другото, и еден нов и мошне функционален и оперативен културолошки, но и книжевно-теориски модел со чија помош може да се идентификуваат бројни структурни сегменти од книжевните дела и тоа од еден специфичен аспект.

**26. Младеноски, Ранко** (2011). *Ликот на Александар Македонски во македонската драма*. Театарски гласник, Скопје, бр. 76/77, стр. 132-136. ISSN 0351-9600.

**Евалуација на трудот:** Трудот претставува детален преглед на присуството на историската личност Александар III Македонски како лик (лице што дејствува) во македонската драма. Во трудот е извршена мошне солидна сеопфатна анализа на пет македонски драми во кои како лик се јавува Александар Македонски. Тоа се следните драмски текстови: „Александар на Исток“ од Петар Т. Бошковски, драмите „Ние“, „Зајдисонце“ и „Олесни, разреши, прости“ од Тихомир Стојановски, како и драмата „Суво дрво од Вавилон“ од Петре Бакевски. Во заклучокот се нагласува дека овие пет драми се составен дел од мозаикот што го претставува ликот на Александар Македонски во македонската литература, но и дел од континуитетот во развојот на нашата книжевност.

**27. Младеноски, Ранко** (2011). *Александар III Македонски во проектот „Веда Словена“ на Верковиќ и Гологанов*. Годишен зборник на Филолошкиот факултет – Штип, год. 2, Vol. II, стр. 27-35. ISSN 1857-7059.

**Евалуација на трудот:** Дилемите во врска со прашањето дали постојат песни за Александар Македонски во проектот „Веда Словена“ од Стефан Верковиќ и Јован Гологанов од македонскиот културен 19 век е базниот проблем којшто се елаборира во овој труд на Младеноски што претставува уште еден значаен прилог кон неговите истражувања поврзани со присуството и улогата на Македонецот (Александар) во македонската литература. Специфичен е овој труд по тоа што во него доминира полемичкиот тон кон бројни истражувачи во врска со (не)постоењето на песни за Александар во „Веда Словена“. Ваквото афирмирање и актуализирање на овие прашања ќе поттикне натамошни дискусии и проучувања што ќе водат кон разјаснување на постоечките дилеми и нејаснотии за македонските песни за Александар III Македонски во проектот „Веда Словена“.

**28. Mladenoski, Ranko** (2011). *The eternal flame of the celestial fire (To the poetry of Petre Bakevski)*. In: Petre Bakevski, Celestial fire. St. Clement of Ohrid, National University

Library – Skopje (Translation Project *Macedonian Literature in English*), p. 9-15. ISBN 978-608-232-105-9.

**Евалуација на трудот:** Овој труд на Младеноски е резултат од неговото учество во проектот „Македонска книжевност во 130 тома“ финансиран од Министерството за култура на Република Македонија, како и во вториот проект во кој 130-те тома беа подготвени за превод и за појавување на македонската литература на англиски јазик во 2011 и 2012 година, исто така финансиран од Министерството за култура на Република Македонија (*Macedonian Literature in English*). Изборот и предговорот на англиското издание на томот за поезијата на Петре Бакевски ги подготви Младеноски. Во трудот (предговорот) се интерпретира целокупното поетско творештво на Бакевски со детални анализи на сите структурни сегменти на стиховите. На крајот од оваа интерпретација се заклучува дека поезијата на Бакевски претставува обемен, т.е. грандиозен литературен потфат и дека со овие стихови македонската литература е збогатена со необично, несекојдневно и мошне вредно поетско дело.

**29. Младеноски, Ранко** (2012). *Тематско-мотивската структура на македонските фолклорни дела за Александар Македонски*. Современост, Скопје, год. 61, бр. 1, стр. 29-41. ISSN 0038-5972.

**Евалуација на трудот:** Во трудот се истражуваат темите, мотивите и сижеата во македонските фолклорни умотворби посветени на Александар III Македонски. Притоа се користени досегашните истражувања на таа тема во македонската фолклористика од страна на К. Пенушлиски, Т. Вражиновски, В. С. Антиќ и други, а потоа се надополнуваат тие истражувања со поширок пристап кон тематско-мотивските аспекти на македонските фолклорни дела за Александар Македонски. Од анализата на апликативниот материјал се изолирани над седумдесет мотиви што зборува за богатата содржина на македонскиот фолклор посветен на славниот македонски крал.

**30. Младеноски, Ранко** (2012). *Светото тројство на татковината*. Современост, Скопје, год. 61, бр. 1, стр. 158-160. ISSN 0038-5972.

**Евалуација на трудот:** Овој труд е анализа на поетската збирка „Македон“ од Никола Алтиев. Авторот во трудот нагласува дека во оваа стихозбирка Алтиев се навраќа кон оној немил и трагичен историски настан на поделбата на Македонија во Букурешт во 1913 година и кон последиците од таа делба што македонскиот народ ги чувствува до денес, а особено обидите за неговото национално разнебитување. Како искусен толкувач на поезијата, Младеноски аргументирано покажува дека одредени сегменти од збирката (трите птици, куќата со три прозорци, тријадата Река/ Планина/ Море, татковината, Сонцето) се поетски супститути за легендарниот предок на античките Македонци наречен Македон, со што авторот на трудот уште еднаш ја покажува умешноста во толкувањето на стихуваната литература.

**31. Младеноски, Ранко** (2012). *Деконструкции и рефлексии (Елена Пренџова, Пораки од морето,Дом на културата „Кочо Рацин“, Скопје, 2011)*. Современост, Скопје, год. 61, бр. 1, стр. 168-170. ISSN 0038-5972.

**Евалуација на трудот:** Во овој труд е доминантен аналитичкиот пристап кон поетската збирка со наслов „Пораки од морето“ од Елена Пренџова. Станува збор, имено, за трета по ред поетска збирка на Пренџова, по стихозбирките „Јас“ од 2006 и „Таа“ од 2009 година. Авторот на трудот открива дека од тематско-мотивски аспект, во најновата поетска збирка на Пренџова се среќаваат повеќе суштински теми и мотиви како што се љубовта, омразата, осаменоста (самотијата), отуѓувањето на човекот од себе и од заедницата, нарцисоидноста, феминизмот, трансформација на легендите во постмодернистички стил, библиски рефлексии итн.

**32. Младеноски, Ранко** (2012). *Ликот на Александар III Македонски во средновековната „Александрида“*. Ние, Скопје (e-magazine: www.urbaninstitut.mk), год. I, бр. 1, стр. 7-25. ISSN 1857-8004.

**Евалуација на трудот:** Овој труд претставува елаборација на семантичкото поле на ликот Александар III Македонски во средновековната „Александрида“, односно во средновековниот „Роман за Александар“. Авторот на трудот врши анализа на овој средновековен роман од аспект на улогата на ликот Александар Македонски и доаѓа

до аргументиран заклучок дека во средновековниот роман „Александрида“ ликот на Александар Македонски, меѓу другото, се интегрира и како семема којашто претставува пресек на бројни културни идентитети.

**33. Младеноски, Ранко** (2012). *Александар III Македонски во современата македонска книжевност*. Ние, Скопје (e-magazine: www.urbaninstitut.mk), год. I, бр. 2, стр. 39-45. ISSN 1857-8004.

**Евалуација на трудот:** Трудот е опис (преглед) на македонските книжевни дела за Александар III Македонски во првата деценија од 21 век. Авторот на трудот нагласува дека во првата деценија од 21 век во македонската книжевност се објавени повеќе литературни дела за Александар Македонски отколку во сиот претходен 20 век и заклучува дека во современата македонска книжевност е очигледна тенденцијата за сѐ позачестеното присуство на Александар Македонски во сите литературни видови, а тоа е аргументирано и со бројки во сиот 20 век во македонската книжевност се објавени 54 книжевни дела за Александар, додека само за една деценија во 21 век објавени се вкупно 78 македонски книжевни дела во кои е застапен Александар Македонски.

**34. Младеноски, Ранко** (2012). *Александар III Македонски во македонскиот книжевен 20 век*. Литературен збор, Скопје, год. LIX, бр. 1-3, стр. 95-105. ISSN 0024-4791.

**Евалуација на трудот:** Трудот претставува книжевно-историски преглед на присуството на славниот антички-македонски крал Александар III Македонски во македонската книжевност во 20 век. На почетокот се нуди преглед на македонските културни дејци од 20 век кои зборуваат за улогата и значењето на Александар Македонски во македонската културна историја. Од истражувањата на оваа тема се доаѓа до заклучок за постоење на 54 македонски книжевни дела од 20 век во кои фигурира Александар Македонски (роман, расказ, поезија, драма).

**35. Младеноски, Ранко** (2012). *Ликот на Александар Македонски во македонскиот роман од 20 век*. Современост, Скопје, год. 61, бр. 2, стр. 52-65. ISSN 0038-5972.

**Евалуација на трудот:** Ова е еден од бројните трудови на Младеноски во кои се третира проблематиката на застапеноста на Александар Македонски во македонската книжевност. Во трудот се нагласува податокот дека во македонскиот книжевен 20 век се објавени четири романи во кои се среќаваме со македонскиот крал Александар Македонски: „Александар и смртта“ од Слободан Мицковиќ (1992), „Домот на Александар“ од Митко Маџунков (1992), „Записи и сништа за Александра Магнум“ од Владимир Шопов (1997) и „Дива лига“ од Влада Урошевиќ (2000). Од извршените детални анализи, авторот заклучува дека и во овие романи Александар Македонски се јавува како лик што ги интегрира во себе различните културни идентитети во текот на воениот поход во Азија.

**36. Младеноски, Ранко** (2012). *Романескна мозаична композиција (Славчо Ковилоски, Синот на кралот, Современост, Скопје, 2011)*. Современост, Скопје, год. 61, бр. 2, стр. 179-182. ISSN 0038-5972.

**Евалуација на трудот:** Овој труд е интерпретација на романот „Синот на кралот“ од Славчо Ковилоски за славниот Крале Марко. Во овој роман авторот на трудот открива симбиоза на фактивното (историското) и фиктивното (книжевно-уметничкото), односно дека голем број ликови и настани од романот имаат историска референцијална функција упатуваат на стварноста од минатото. Авторот на овој труд, исто така, мошне умешно ги интерпретира особеностите на романот што произлегуваат од специфичното менаџирање на раскажувањето со голем број наратори.

**37. Младеноски, Ранко** (2012). *Нов македонистички труд на Калоѓера (Goran Kalogjera, Makedonsko devetnaesto stoljeće, Zajednica Makedonaca u Republici Hrvatskoj, Zagreb, 2011)*. Современост, Скопје, год. 61, бр. 2, стр. 193-200. ISSN 0038-5972.

**Еваулација на трудот:** Трудот претставува опширен осврт за новата книга на професорот Горан Калоѓера со наслов „Македонскиот деветнаесетти век“ („Makedonsko devetnaesto stoljeće“), објавена во Хрватска во 2011 година. Обемниот материјал што е презентиран во оваа книга е систематизиран во четири дела. Авторот на трудот ги анализира и ги валоризира четирите дела од кои е составена книгата на професорот Калоѓера при што заклучува дека „Македонскиот деветнаесетти век“ е мошне значаен труд за македонската книжевна историја којшто ќе придонесе и за продлабочување на културните врски меѓу Република Македонија и Република Хрватска.

**38. Младеноски, Ранко** (2012). *Успешна естетско-драмска приказна (Славчо Ковилоски, Крале Марко (или Синот на Волкашин), монодрама, Современост, Скопје, Општина Прилеп, 2010)*. Театарски гласник, Скопје, бр. 78/79, стр. 171-173. ISSN 0351-9600.

**Евалуација на трудот:** Во овој труд се претставува и се елаборира монодрамата „Крале Марко (или Синот на Волкашин)" од авторот Славчо Ковилоски. Монодрамата како книжевна форма Ковилоски ја користи за да се наврати во историјата, односно во средновековието, преку историската личност и популарниот фолклорен лик Крале Марко. Авторот на трудот заклучува дека преку оваа монодрама (како книжевна порака) Ковилоски нѐ потсетува дека не е доволно само да си го знаеме своето минато, туку треба и да учиме од тоа минато, да учиме од сопствената историја, да учиме од македонската традиција за да не ги повторуваме истите грешки и пропусти во сегашноста и во иднината.

**39. Младеноски, Ранко** (2012). *„Претсказанието" на Атанас Македонец и еден расказ за Александар Македонски*. Велес (списание на Друштвото за наука и уметност Велес), год. XVI, бр. 16, стр. 55-61. ISSN 1409-6412.

**Евалуација на трудот:** Во овој труд авторот разгледува две македонски книжевни дела за Александар III Македонски „Пресказание на Голем Александр" од Атанас Македонец од 1845 година, како и еден средновековен расказ за Александар Македонски. Откако ќе ги наведе основните особености на двете книжевни дела, авторот на овој труд заклучува дека во нив ликот на Александар Македонски, меѓу другото, се интегрира и како семема којашто претставува пресек на бројни културни идентитети.

**40. Младеноски, Ранко** (2012). *Делата на Мажовски, Цепенков и Прличев за Александар III Македонски*. Годишен зборник на Филолошкиот факултет – Штип, год. 3, Vol. III, стр. 189-196. ISSN 1857-7059.

**Евалуација на трудот:** Трудот претставува преглед и анализа на мемоарските и книжевно-уметничките дела на Исаија Мажовски, Марко Цепенков и Григор Прличев во кои се споменува славниот крал на античка Македонија, Александар III Македонски. Станува збор, имено, за *Спомените на Мажовски*, песната на Цепенков со наслов *Мајка Македонија ги советува своите чеда да востанат против тиранијата на Турците*, како и две слова (беседи, говори) на Прличев – *Слово на св. Кирил и Методиј* и *Слово одржано во Охрид во 1883 година*. Од извршените анализи авторот на трудот изведува концизен заклучок дека во наведените македонски книжевни споменици од 19 век Александар Македонски ја има и улогата на интерактивен код на различните култури, односно дека на најславниот антично-македонски крал, покрај националниот, му се придава и еден општ, универзален карактер.

**41. Младеноски, Ранко** (2013). *Македонската поезија од 20 век за Александар Македонски*. Современост, Скопје, год. 62, бр. 1, стр. 54-64. ISSN 0038-5972.

**Евалуација на трудот:** Во овој труд е извршен преглед на присуството на Александар III Македонски во македонската поезија објавена во 20 век каде што славниот македонски крал зазема значајно место. Притоа, во голема мера се врши книжевно-уметничка елаборација на ликот Александар Македонски како интерактивен код на културите и тоа од бројни, но и од мошне разновидни аспекти. Како резултат на извршените анализи, авторот на трудот доаѓа до заклучок дека во оваа поезија се обработуваат бројни историски теми за Александар Македонски со внесување на книжевни (фикциски) елементи преку имагинацијата на поетите и тоа за настани за кои историјата нема сигурни, автентични податоци.

**42. Младеноски, Ранко** (2013). *Успешен експеримент со кратката проза*. Поговор во: Славчо Ковилоски, *Лоша тетка и други раскази*, Академски печат, Скопје, 2013 стр. 65-70. ISBN 978-608-231-111-1.

**Евалуација на трудот:** Овој труд на Младеноски претставува поговор во збирката раскази со наслов „Лоша тетка и други раскази" од Славчо Ковилоски. Во овој поговор се нуди осврт кон најновите раскази на Ковилоски што се детерминираат како „лирски поетско-прозен краток жанр". Нагласени се тука суштинските особености на кратките раскази на Ковилоски како што се деструктурирање на нарацијата, доминација на интертекстуалноста, иронијата и автоиронијата, како и жигосувањето на аномалиите и

кај индивидуата и во општеството како целина. Заклучокот е дека Славчо Ковилоски во неговите кратки раскази експериментира со комбинирање на неколку книжевни видови од различни родови (роман, расказ, песна) и дека тоа е реализирано и вешто и со мерка.

**43. Младеноски, Ранко** (2013). *Александар III Македонски во македонската поезија од 21 век*. Современост, Скопје, год. 62, бр. 2, стр. 59-64. ISSN 0038-5972.

**Евалуација на трудот:** Текстот претставува преглед на присуството на славниот античко-македонски крал Александар Македонски во најновата македонска поетска продукција објавувана во текот на првата деценија од 21 век и тоа од аспект на интеркултурните контакти на македонската античка цивилизација со другите културни индентитети. Во заклучокот се потенцира дека во анализираните песни од македонската поезија од 21 век доминира воспоставената сосема природна врска меѓу античка Македонија и современата држава на Македонците.

**44. Младеноски, Ранко** (2013). *Односот на македонистите од 19 век кон античка Македонија*. Годишен зборник на Филолошкиот факултет – Штип, год. 4, Vol. IV, стр. 73-81. ISSN 1857-7059.

**Евалуација на трудот:** Трудот е преглед на пишувањата и тврдењата на македонистите од 19 век за постоење на жива врска меѓу античките Македонци и денешните (односно тогашните, од 19 век) Македонци. Ваквата теза се појавува поради голем број фактори што се елаборирани во текстот, но таа и денес е актуелна во македонската културна сфера и доаѓа од голем број познати и признати историчари. Главната причина, но и цел на застапувањето на ваквата идеја кај македонистите од 19 век се согледува во неопходноста од враќањето кон славното минато за да се поттикне борбениот дух на Македонците во 19 век во напорите за создавање на своја самостојна држава.

**45. Младеноски, Ранко** (2015). *Монодрамски транскрипт за хероите на „Ножот“*. XXI век: Балканскиот писател – Балканският писател (зборник на трудови). Современост – Скопје, Съюз на свободните писатели в България – София, стр. 52-61. ISBN 978-608-4501-40-4.

**Евалуација на трудот:** Овој труд претставува интерпретација на монодрамата на Славчо Ковилоски со наслов *На „Ножот“*. Во трудот прво се елаборира историскиот опис на битката на месноста „Ножот“ што се случила во 1907 година. Потоа се преминува на анализа на монодрамата при што се бележат најосновните специфики на ова книжевно дело. Во трудот се врши и една компаративна анализа на историската нарација, од една, и книжевно-уметничката нарација, од друга страна, при што се илустрираат разликите меѓу конкретни историски описи на битката на „Ножот“ и монодрамскиот текст *На „Ножот“*. Во заклучокот од трудот се потенцира дека станува збор за монодрама во која се актуелизира епопејата на „Ножот“ како пример за храброст и саможртва на една група Македонци за слободата на татковината и на својот народ.

**46. Младеноски, Ранко** (2015). *Наративните структури во романите на Славчо Ковилоски*. Современост, Скопје, год. 64, бр. 1, стр. 65-81. ISSN 0038-5972.

**Евалуација на трудот:** Овој труд претставува интерпретација на трите романи на Славчо Ковилоски и тоа во еден сублимиран вид. Станува збор за романите „Опасен сум“ (Темплум, Скопје, 2007), „Сонување“ (Макавеј, Скопје, 2011) и „Синот на кралот“ (Современост, Скопје, 2011). При анализата на овие романи се тргнува од спецификите на секој роман одделно при што мошне детално и студиозно се предочуваат нивните најосновни карактеристики. На крајот од трудот во сублимиран вид се дадени општите особености на романескното книжевно-уметничко дело на Ковилоски, при што се зборува за интертекстуалноста, нараторската разновидност, металитературните конструкции, семантичките празнини во дискурсот, наративните резимеа, мултиплицираната фокализација и друго.

**47. Младеноски, Ранко** (2015). *Гаргара за душата*. Современост, Скопје, год. 64, бр. 1, стр. 149-151. ISSN 0038-5972.

**Евалуација на трудот:** Трудот претставува рецензија за романот „Гаргара“ од Игор Станојоски (Скопје, Панили, 2004). На почетокот од освртот се даваат основните податоци за структурата на ова романескно остварување на Станојоски по што се анализираат во општи црти сите наративни сегменти од романот. Во заклучокот од овој осврт е нагласено

дека романот „Гаргара“ е книжевно дело со многуслоен семантички код и дека тематско-мотивската шареноликост изразена низ една доминантно постмодернистичка призма му дава особен привлечен шарм и дух на овој роман.

**48. Младеноски, Ранко** (2015). *Сеопфатни книжевни и научни интерпретации*. Поговор во: Радован П. Цветковски, *Книжевни студии и поставки*, Матица македонска, Скопје, 2015, стр. 383-392. ISBN 978-608-10-0296-6.

**Евалуација на трудот:** Овој труд претставува осврт за книгата „Книжевни студии и поставки“ од Радован П. Цветковски. Освртот е објавен како поговор во истата книга на Цветковски. Во трудот се потенцира дека во бројните текстови од коишто е составена оваа книга авторот нуди свои видувања за дела од разни уметнички видови, но и од разни научни области, како што се поезија, роман, расказ, новела, драма, хумореска, анегдота, афоризам, карикатура, сликарство, теорија на литературата, дијалектологија, лексикографија итн. Во заклучокот се нагласува дека книгата „Критички студии и поставки“ претставува мошне солиден придонес во проучувањето и расветлувањето, пред сè, на битолската, но и во еден поширок контекст на македонската културна историја.

**IX. Учество на меѓународни научни конференции**

**49. Младеноски, Ранко** (2011). III Меѓународен научен собир за хрватско-македонските литературни, јазични и културни врски, Риека, од 23 до 25 март.

**Евалуација на излагањето:** На овој меѓународен научен собир Младеноски дава свој придонес со секциско предавање (излагање) на тема „Македонско-хрватските интеркултурни релации во романот ’Вештица‘ од Венко Андоновски“ што подоцна е објавено како труд во зборник на трудови од меѓународниот научен собир. Во излагањето авторот умешно ги изолира наративните сегменти од романот „Вештица“ на Андоновски што се однесуваат на допирните точки меѓу македонската и хрватската култура.

**50. Младеноски, Ранко** (2011). XXXVIII Меѓународна научна конференција на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, Охрид, 14 и 15 јули.

**Евалуација на излагањето:** Излагањето на Младеноски на оваа меѓународна научна конференција се однесуваше на компаративната тема со наслов „Рациновиот дух во стиховите на Блаже Конески“ (подоцна рефератот беше објавен во зборник на трудови од конференцијата). Станува збор, имено, за истражување што има за цел да ги маркира идентичните творечки постапки во поезијата на двајца наши бардови во поезијата □ Рацин, од една, и Конески, од друга страна. Младеноски тоа го посочува и на експлицитно и на имплицитно рамниште.

**51. Младеноски, Ранко; Белчев, Толе** (2012). XXXIX Меѓународна научна конференција на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, Охрид, 20 и 21 јуни.

**Евалуација на излагањето:** На оваа конференција Младеноски зеде учество со коавторски труд, заедно со проф. д-р Толе Белчев, со секциско предавање на тема „Епитафните модалитети во стиховите на Гане Тодоровски“. Авторите Младеноски и Белчев ги презентираа интерпретациите на двата епитафа на Тодоровски, но и на неколку песни од поезијата на Тодоровски во кои може да се забележат епитафни специфики. Рефератот е објавен во зборник на трудови од конференцијата.

**52. Младеноски, Ранко** (2012). VIII Македонско-северноамериканска конференција, Охрид, 7 и 8 јули.

**Евалуација на излагањето:** Темата на секциското предавање (излагањето) на Младеноски на оваа меѓународна конференција е со наслов „Ликовите-дублети во романот ’Тунел‘ од Петре М. Андреевски“. Станува збор за мошне интересна и аргументирана анализа на ликовите во романот „Тунел“ што резултира со заклучокот дека трите клучни ликови (Игор, Горан Паковски и Дејан Медаров) се, всушност, со идентични семантички полиња и со идентични предикативни функции, а тоа значи дека станува збор за ликови-дублети или, пак, ликови-синоними.

**53. Младеноски, Ранко** (2013). IV Меѓународна научна конференција „Меѓународен дијалог: Исток – Запад“, Меѓународен славјански универзитет „Гаврило Романович Државин“, Свети Николе, 19 и 20 април.

**Евалуација на излагањето:** На оваа Меѓународна научна конференција Младеноски учествуваше со секциско предавање, односно излагање, на тема „Интерференцијата на културните семиосфери во македонската книжевност низ ликот-знак Александар Македонски". Тоа е една екстензивна и интердисциплинарна тема што ја опфаќа сета македонска книжевност од фолклорот па сè до современите книжевни текови од аспект на улогата на Александар Македонски како лик-знак што во своето семантичко поле интегрира бројни култури. Рефератот е објавен како научен труд во зборник од меѓународната научна конференција.

**54. Белчев, Толе; Младеноски, Ранко** (2013). XL Меѓународна научна конференција на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, Охрид, 29 и 30 јуни.

**Евалуација на излагањето:** На меѓународната конференција Младеноски учествуваше со коавторско секциско предавање со професорот Толе Белчев на тема „Константин Кирил Филозоф во 'Папокот на светот'". Интерпретацијата на овој роман од Андоновски се однесува на улогата на Филозофот како референцијален книжевен лик со суштинска улога во нарацијата да ги растајнува старите записи и текстови. Во текот на секциското предавање авторите ги нагласија најзначајните предикати на Филозофот што се темелни структурни елементи на романот „Папокот на светот". Подоцна рефератот беше објавен во зборник на трудови од меѓународната научна конференција.

**55. Младеноски, Ранко** (2013). IV Меѓународен научен собир „Македонско-хрватски книжевни, културни и јазични врски", Охрид, 27-29 септември.

**Евалуација на излагањето:** На овој меѓународен научен собир Младеноски учествуваше со секциско предавање на тема „Македонецот К. Миладинов кај Хрватот С. Томаш". Станува збор за секциско предавање во кое се презентирани резултатите од анализите на романот „Златоустиот" и драмата „Златоустиот или тажниот дом хрватски" од аспект на присуството и улогата во нив на еден од најзначајните македонски дејци од 19 век Константин Миладинов. Преку соработката меѓу хрватскиот бискуп Штросмаер и Миладинов во двете дела на Стјепан Томаш се назначува континуитетот во интеркултурната соработка меѓу Македонија и Хрватска.

**56. Младеноски, Ранко** (2015). VI Меѓународна научна конференција „Меѓународен дијалог: Исток – Запад", Меѓународен славјански универзитет „Гаврило Романович Державин", Свети Николе, 17 и 18 април.

**Евалуација на излагањето:** На Меѓународната научна конференција Младеноски учествуваше со секциско предавање на тема „Дијалогизмот и интертекстуалноста во македонскиот роман". Беа презентирани резултатите од извршените анализи на неколку македонски романи како илустрација за значајната улога на дијалогизмот и интертекстуалноста во историскиот развој на македонската романескна продукција. Рефератот е објавен во зборник на трудови од меѓународната научна конференција.

**X. Учество во проекти**

**57. Младеноски, Ранко** (2011). Translation Project *Macedonian Literature in English*, Government of the Republic of Macedonia, Ministry of Culture of the Republic of Macedonia, Skopje.

**Евалуација на учеството во проект**: Министерството за култура на Република Македонија во 2011 и 2012 година го реализираше проектот *Македонска литература на англиски јазик* (*Macedonian Literature in English*), односно „Превод на 130 тома македонска книжевност на англиски јазик", што претставуваше, всушност, продолжение на проектот „Македонска книжевност во 130 тома" што беше реализиран неколку години претходно. Во овој проект Младеноски зеде учество со подготовка на томот за поезијата на Петре Бакевски (Петре Бакевски, *Небесен оган*, Том 64) и со подготовка на опширниот предговор во тој том. Истиот том за поезијата на Петре Бакевски влезе и во проектот „Македонска литература на англиски јазик", а Младеноски учествуваше и во овој проект со подготовка и адаптација на изборот на поезијата и на предговорот за поезијата на Бакевски. Овој том во 2011 година беше преведен и објавен на англиски јазик со наслов „Celestial fire" со предговор на Младеноски на англиски јазик со наслов *„The eternal flame of the celestial fire (To the poetry of Petre Bakevski)*". Овој предговор на Младеноски, всушност,

претставува интерпретација на целокупното поетско творештво на македонскиот автор Петре Бакевски. Во трудот е извршена детална анализа на основните особености на поезијата од Бакевски, а се врши и еден панорамски преглед на активата на македонската книжевна критика во однос на естетските вредности на стиховите од Бакевски каде што се застапени критичко-интерпретативните судови на В. Андоновски, Ј. Владова, А. Поповски и други. Во однос на суштинските карактеристики на поезијата од Бакевски, во трудот детално се анализираат следните елементи: идентитетот (индивидуален и колективен), семантиката на темпоралната оска (минато/ сегашност/ иднина), митот и историјата како интертекст (поточно хипотекст, односно палимпсест) во стиховите на Бакевски, епската битка во лирскиот субјект, антропоморфизацијата, симболите и друго. На крајот од овој труд (интерпретација) како дел од проектот „Македонска литература на англиски јазик“ се заклучува дека поезијата на Петре Бакевски претставува обемен, односно грандиозен литературен потфат и дека со поезијата на Бакевски македонската литература е збогатена со поетско дело коешто е мошне вредно, необично и несекојдневно.

**XI. Завршна евалуација на наставно-образовната и научноистражувачката дејност на доц. д-р Ранко Младеноски**

Од приложениот список на објавени трудови и на извршени активности во последните пет години и од евалуацијата на секој труд и на секоја активност одделно, може да се забележи дека доц. д-р Ранко Младеноски објавил голем број мошне значајни наставно-педагошки и научни трудови. Двете скрипти и двата практикума, мноштвото предмети во наставата во прв, втор и трет циклус, поголемиот број трудови објавени во меѓународни научни списанија и публикации како и во домашни научни и стручни списанија, учеството на меѓународни научни конференции и во проекти покажуваат дека доц. д-р Ранко Младеноски во периодот од изборот во доцент до денес реализирал мошне плодотворна наставно-педагошка и научноистражувачка дејност со што дал свој значаен придонес во унапредувањето на книжевно-теориската, книжевно-историската и книжевно-критичката мисла, но и во развојот на наставно-образовниот процес на Филолошкиот факултет во Штип, а со тоа и на Универзитетот „Гоце Делчев“ како интегриран универзитет.

***3. Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Кандидатот доц. д-р Ранко Младеноски уште со доаѓање на Катедрата за македонски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет во Штип во мај 2009 година беше активно вклучен во подготовувањето и креирањето на наставните програми за прв циклус на студии. Во периодот од 2011 до денес Младеноски беше вклучен во работата на бројни тела и комисии на Филолошкиот факултет во Штип со што даде свој несомнен придонес во унапредувањето на организациско-развојната дејност на Филолошки факултет во Штип:

**58. Член на Наставно-научен совет** на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип (Одлука бр. 1902-136/4 од 14.9.2015 година од ННС на Филолошки факултет во Штип);

**59. Член на Комисија** за изработка на Елаборат за студиски програми за втор циклус на студии на Филолошки факултет во Штип (Одлука бр. 2402-139/12 од 16.05. 2012 година од ННС на Филолошки факултет во Штип);

**60. Член на Комисија** за запишување на нови студенти во прва година на прв циклус универзитетски студии за студиската 2013/2014 година на Филолошки факултет – Штип (Одлука бр. 2402-96/3 од 19.6.2013 година од ННС на Филолошки факултет во Штип);

**61. Член на Комисија** за разгледување на барања, молби и признавање на испити на студентите кои се префрлуваат од други универзитети и факултети на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип (Одлука бр. 2402-115/11 од 29.08. 2013 година од ННС на Филолошки факултет во Штип);

**62. Член на Конкурсна комисија** за упис на студенти на втор циклус студии на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип за студиската 2014/2015 година (Одлука бр. 2402-121/7 од 7.7 2014 година од ННС на Филолошки факултет во Штип).

**63. Член на Конкурсна комисија** за запишување на студенти на универзитетски академски студии од трет циклус студии за студиската 2015/2016 година (Одлука бр. 1902-136/7 од 14.9.2015 година од ННС на Филолошки факултет во Штип).

**64. Член на Комисија** за наставни прашања на прв циклус студии (Одлука бр. 1902-139/4 од 25.9.2015 година од ННС на Филолошкиот факултет во Штип).

Исто така, од 2011 година до денес Младеноски бил уредник во неколку списанија и научни публикации:

**65. Уредник** во списанието „Современост" (во 2011 и 2012 година);

**66. Уредник** во списанието „Велес" (во 2011 година);

**67. Главен уредник** на Годишниот зборник на Филолошкиот факултет во Штип (во 2011 година).

Покрај сето тоа, кандидатот доц. д-р Ранко Младеноски од 2012 година објавува скрипти и практикуми како универзитетски наставни помагала (досега има објавено две рецензирани скрипти и два рецензирани практикуми) со цел да им се олесни на студентите совладувањето на сложената материја од областа на теоријата на книжевноста воопшто, но и конкретно од поддисциплините наратологија и теорија на поезијата, како и од областа на современата македонска книжевност, што секако зборува за една сериозна посветеност на доц. д-р Ранко Младеноски во развојот и унапредувањето на наставно-образовниот процес на Филолошкиот факултет во Штип, а со тоа и на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените податоци за кандидатот, членовите на Рецензентската комисија со огромно задоволство заклучуваат дека доц. д-р Ранко Младеноски во целост ги исполнува сите суштински и законски критериуми за избор во повисоко наставно-научно звање предвидени со Законот за високо образование, со Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, како и со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип (Универзитетски гласник бр. 33 од јуни 2015 година). Имено, како што може да се види од предочените факти погоре, д-р Ранко Младеноски има наставно искуство во високото образование и како асистент и како универзитетски доцент на Катедрата за македонски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет во Штип, има објавено две рецензирани скрипти и два рецензирани практикуми, три научни книги, како и бројни трудови во меѓународни, во странски и во домашни научни списанија и публикации. Кон тоа треба да се приложи и активното учество на кандидатот на меѓународни научни конференции и неговиот удел како уредник во публикувањето на неколку домашни списанија и публикации. Сето тоа покажува дека кандидатот доц. д-р Ранко Младеноски постигнал завидни резултати во изборниот период од 2011 година до денес во трите клучни области и дејности наставно-образовна, научноистражувачка и стручно-апликативна и организациско-развојна дејност.

Имајќи ги предвид предочените факти, Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет во Штип да го усвои овој извештај и **кандидатот доц. д-р Ранко Младеноски да биде избран за наставник во наставно-научното звање *вонреден професор* за наставно-научните области *теорија на книжевноста* и *македонска книжевност XX век*.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Виолета Димова, редовен професор - претседател, с.р.**
**Проф. д-р Луси Караниколова-Чочоровска, вонреден професор - член, с.р.**
**Проф. д-р Толе Белчев, вонреден професор - член, с.р.**

## ПРИЛОГ 1

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

(Табела за вреднување на активностите на доц. д-р Ранко Младеноски во изборниот период од март 2011 до октомври 2015 година, според критериумите дадени во Правилник за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип)

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1.** | Избор во звање **асистент** (Универзитетски билтен бр. 16 од февруари 2009 година; Одлука бр. 2402-54/7 од 5.3.2009 година од ННС на Филолошкиот факултет во Штип; Договор за вработување бр. 0402-13/39 од 11.5.2009 година) | 1 | 15 | | | 15 |
| **2.** | Избор во звање **доцент** (Универзитетски билтен бр. 57 од април 2011 година; Одлука бр. 2402-47/5 од 18.4.2011 година на ННС на Филолошкиот факултет во Штип; Анекс на Договор за вработување бр. 0402-1/585 од 3.10.2011 година) | 1 | 30 | | | 30 |
| | **ВКУПНО НО** | **45** | | | | |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1.** | Монографија или научна книга (научни, стручни и стручно-уметнички книги) **Трудови под ред. бр. 5, 6, 7 и 8.** | 4 | 10 | | | 40 |
| **2.** | Трудови (научни книжевно-теориски интерпретации) објавени во меѓународни научни списанија (СЦИ/***ЦА***/останати) **Трудови под ред. бр. 9, 10, 11, 12.** | 4 | 6 | | | 24 |
| **3.** | Трудови (научни книжевно-теориски интерпретации) објавени во домашни и странски научни списанија (СЦИ/ЦА/***останати***) **Трудови под ред. бр. 22, 23, 25, 26, 27, 29, 32, 33, 34, 35, 39, 40, 41, 43, 44, 45, 46.** | 16 | 3 | 1 | 3 | 51 |
| **4.** | Трудови (рецензии/осврти) објавени во научни и стручни списанија **Тудови под ред. бр. 24, 30, 31, 36, 37, 38, 47.** | 7 | 1 | | | 7 |
| **5.** | Трудови (рецензии како поговори/ предговори) објавени во научни и стручно-уметнички монографии (книги) **Трудови под ред. бр. 28, 42, 48.** | 3 | 1 | | | 3 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **6.** | Трудови објавени во зборници на трудови од меѓународни и од домашни научни конференции **Трудови под ред. бр. 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21.** | 8 | 1 | 1 | 1 | 9 |
| **7.** | Учество (секциско предавање) на меѓународни научни конференции **Активности под ред. бр. 49, 50, 51, 52, 53, 54, 55, 56.** | 8 | 2 | | | 16 |
| **8.** | Учество во научен проект **Активности под ред. бр. 57.** | 1 | 2 | | | 2 |
| | **ВКУПНО НИ + СУ** | **152** | | | | |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1.** | Член на факултетски орган, комисија **Активности под ред. бр. 58, 59, 60, 61, 62, 63, 64.** | 7 | 2 | | | 14 |
| **2.** | Уредник на стручни списанија **Активности под ред. бр. 65, 66, 67.** | 3 | 3 | | | 9 |
| | **ВКУПНО СА + ОР** | **23** | | | | |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | 45 (НО) + 152 (НИ+СУ) + 23 (СА+ОР) **= 220** | | | | |